# ПАРТИЦИПАТИВНО ТЕЛО-КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА ОДРЖАНА НА 17.03.2022

## ЗАПИСНИК

Од конститутивната седница на Партиципативното тело на Општина Кисела Вода што се одржа на ден 17.03.2022 година. Време на одржување од 17.00 до 18.30 часот.

Седницата ја отвори и истата ја модерираше до изборот на В.Д Претседател,Советникот за прашања од урбанизам на Општина Кисела Вода Славче Трпески.

Градоначалникот на Општина Кисела Вода Орце Ѓорѓиевски одржа воведен говор.

Градоначалникот им се заблагодари на избраните членови за интересот и учеството во Партиципативното тело, тоа ќе значи директна помош во трансформацијата на општината во модерна и транспарентна, по мерка на граѓаните.

Како што и претходно најави, нема да се меша во работата и одлуките на ова тело односно политиката да ги тргне рацете од урбанизмот, потоа ја напушти седницата.

Партиципативното тело од областа на урбанизмот е составено од 24 члена. Присутни беа 21 член.

Во прилог на овој записник список со присутни и отсутни членови.

Откако се констатира присуство на мнозинство од членовите од партиципативното тело беше предложен следниот предлог на

**Дневен ред**

1. **Избор на претседател на Партиципативно тело**
2. **Избор на заменик претседател на партиципативното тело**
3. **Разно**

Се отвори претрес по точките од дневниот ред:

Избор за претседател на Партиципативното тело, согласно член 46 од Законот за урбанистичко планирање( Сл.весник на РСМ бр.32/20) и Член 9 од Деловникот за работа на партиципативното тело од областа на урбанизмот на Општина Кисела Вода, од Мај, 2021год. се избира од редовите на Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општината.

Со оглед дека ова Граѓанско тело сочинето во најголем дел од жители на општинаКисела Вода, и доколку Претседателот биде од редот на Комисијата за урбанизам, ја губи својата цел да биде гласот на граѓаните, Славче Трпески, даде предлог кој беше усвоен, веќе оформеното Партиципативно тело да достави предлог до Советот на Општина Кисела Вода за промена на Деловникот и донесување на одлука да претседателот и неговиот заменик да бидат од редот на граѓаните.

На конститутивната седница се даде предлог со кој се согласија мнозинството од присутните, да се изберат

1. **В.Д. претседател на Партиципативно тело**
2. **В.Д. заменик претседател на партиципативното тело**
3. **Измени и предлози за дополна на Деловникот**

Со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на партиципативното тело, со јавно гласање се избрани

1. **Кирил Димевски за В.Д претседател на Партиципативно тело**
2. **Дарко Чекеровски за В.Д заменик претседател на партиципативното тело**

По точка 3 се дадоа предлози за измени и дополна на Деловникот за работа.

- Во членот 6 став 5 зборовите „3 (три)“ се заменуваат со зборовите „5 (пет) работни“.

- Во Членот 9 став 1 зборовите „комисијата за урбанизам“ се бришат.
- Да се додадат нови челнови со кои на Првата конститутивна седница на партиципативното тело да ја свикува и води Претседателот на претходното партиципативно тело во рок од 7 дена од денот на изборот на членовите на Партиципативното тело. Доколку Претседателот од претходниот состав не ја свика конститутивната седница во рокот од став 1 од овој член, Претседателот на Советот е должен да ја свика и води конститутивната седница во рок од 3 дена од истекот на рокот од став 1 на овој член.Доколку Претседателот на Совет не ја свика седницата во рокот од став 2 на овој член, Партиципативното тело само се состанува 15 ден од денот на избор на членовите од страна на Советот на Општината и објавата на Одлуката во Службен гласник на Општина Кисела Вода.
- Со седницата раководи најстариот член до избор на Претседател на Партиципативното тело.
- На првата конститутивна седница се избира претседател и заменик претседател на партиципативното тело.“

- Измени и дополнувања на овој Деловник се врши на ист начин како и неговото донесување.Сите материјали и известувања за Партиципативното тело членовите ќе ги добиваат по е-маил.

В.ДПРЕТСЕДАТЕЛ

17.03.2022 година **на Совет на Парицципативнотело**

Скопје **Кирил Димевски**